МЕСТО ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС
ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЗОНА 3 ХИПОДРОМ

# # 3.3 ЦЕНТАР ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА - ХИПОДРОМ

PICTURE - ARCHIVE OF MGB SKOPJE



**Издадено од:**
Општина Гази Баба Скопје
www.investinmgbskopje.com
contact@gazibaba.gov.mk

INVEST MGB
Municipality of Gazi Baba - Skopje, Macedonia

# #3.3 ЦЕНТАР ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА - ХИПОДРОМ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
## ЦЕНТАР ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

41°59'38.8"N 21°31'24.7"E

АВТОПАТ А2 - ДО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

ПЕРИФЕРНА ЗОНА

### Тип на проект

Новата општинска спортско рекреативна зона - Хиподром, преку детален урбанистички план и проектна конверзија на урбани намени претставува Б 6 – градежна површина од 41,4 ha, за урбани намени Б5 – градежна површина од 0,34 ha, за урбани намени А2 – градежна површина од 1,25 ha, за урбани намени А1 – градежна површина од 23,8 ha. Овој проектот, во прилог на спортско рекреативната зона, предвидува и компатибилни намени, преку реализација на мал бизнис и трговски објекти, големи трговски центри, големи угостителски објекти, деловни простории, здравствена и социјална заштита, култура и државни институции.

### Опис

Проектот се наоѓа во близина на автопатот А2, на т.н.источна порта на градот Скопје, во периферната зона 3, на градежна површина од 67 хектари. Локацијата е оддалечена само 7 km од центарот на градот. Во време кога современиот професионален живот носи многу предизвици во ментална, физичка и здравствена смисла, потребата за ваков проект е значително зголемена со потреба од генерирање здрави, продуктивни и врвни млади генерации. Во таа смисла, развојот на СРЦ, со многу објекти за спорт и рекреација, сместување и угостителство, настани и манифестации, ќе нуди многу можности за сите генерации, не само за жителите на Гази Баба и Скопје, туку на ниво на целата држава, па и од соседните земји. Во таа насока, до оваа локација ќе има одличен и брз пристап преку два бајпаса за влез излез и поврзување со автопатот А2 и обиколницата Скопје север - А4, како и брза врска со новиот аеродром Александар Велики и железничката мрежа, оддалечена само 10 km од локацијата.

### Стратегија за имплементација

Ќе биде понуден на пазарот на недвижности преку системот на електронско наддавање на државно градежно земјиште.

### Достапност на јавен превоз

По финализацијата на проектот, јавниот градски превоз ЈСП ќе овозможи регуларни автобуски линии до локацијата.

### Сопственост

Република Македонија и приватна сопственост.

### # ЗОНА 3

| | |
|---|---|
| Површина | 67 ха |
| Оддалеченост од центарот на Скопје | 7 км |
| Оддалеченост од железничка станица | 6 км |
| Оддалеченост од аеродром | 10 км |
| Колективни објекти | 41,4 ха |
| Хотелски комплекси | 0,34 ха |
| Индивидуално домување | 23,8 ха |
| Колективно домување | 1,25 ха |

Пазар на недвижност – Зона # 3

Есен - 2015

| | | |
|---|---|---|
| Канцеларии | Цени (€/м2) | 1100 |
| | Закуп (€/м2/год.) | 108 |
| Дуќани | Цени (€/м2) | 1300 |
| | Закуп (€/м2./год.) | 168 |
| Живеалишта | Цени (€/м2) | 800 |
| | Закуп (€/м2/год.) | 36 |




- Урбана легенда на зоната:

А - Обиколница Скопје - Индустриска Зона
Б - Коњички клуб Хиподром
С - Бул.Александар Македонски

ОБИКОЛНИЦА СКОПЈЕ




КОЊИЧКИ КЛУБ ХИПОДРОМ




ЛОКАЦИЈА - ЗОНА




БУЛ.АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

